**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 октомври 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,54 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 27-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пред да продолжиме понатаму сакам да известам дека денеска имавме координации и тоа две и при тоа што е договорено на последната координација. На последната координација е договорено да се започне со оваа седница по предложениот редослед по дневниот ред кој што ви е доставен. Притоа, Собранието ќе работи континуирано оваа и наредната недела до исцрпување на дневниот ред, на сите точки од дневниот ред.

Пратениците: Амди Бајрам, Андреј Петров, Али Ахмети, Фазли Велију, Сафет Незири, Александар Спасеноски, Џеват Адеми и Талат Џафери ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се: претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 8-та, 16-тата, 21-та и 22-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците?

Бидејќи нема забелешки, констатирам дека записниците од 8-та, 16-тата, 21-та и 22-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе закон за изменување и дополнување на Изборниот закон.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани дами и господа пратеници,

Итноста од донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик ја гледаме во следните елементи.

1. Во средината на месец март 2009 година треба да се одржат избори за советници и градоначалници односно локалните избори и изборите за претседател на Република Македонија.

2. Донесувањето на Изборниот законик е еден од 8-те приоритети на Република Македонија и добро е овој закон да биде донесен на оваа седница, да биде усвоен пред заклучувањето на извештајот на Европската комисија.

3. Согласно законот, треба да се изврши избор на Државна изборна комисија која треба да има рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон соодветно време заради функциите што треба да ги обавува од нејзина надлежност и секако, она што е значајно за Државната изборна комисија да може да се врши едукација на изборните органи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе овој закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 94 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 88 пратеници, еден се воздржа од гласање, против гласаа 5 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за испраќање на Единица на Армијата на Република Македонија, Медицински тим за учество во Мировната операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основаната и неодложна потреба Предлогот на одлуката за испраќање на Единица на Армијата на Република Македонија, Медицински тим за учество во Мировната операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа да биде разгледан на оваа седница.

Има збор заменикот министер за одбрана, повелете.

**Емил Димитриев:** Почитуван претседател, почитувни пратеници,

Итноста од донесувањето на оваа одлука е во тоа што ова е фактички редовна ротација на наш медицински тим кој што учествува во мисијата во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа кој што треба да замине на почетокот на ноември. Сметаме дека сме во временски цајтнот, затоа сметам дека Собранието ќе излезе во пресрет и ќе ја разгледа оваа одлука, а се надевам на позитивно изјаснување со кое Република Македонија ќе го продолжи своето учество во оваа мисија предводена од Европската унија со свој медицински тим. Благодарам.

(Прашање од страна на пратеник од опозицијата: Во што се состои итноста?)

Итноста се состои во тоа што овој медицински тим треба да тргне за Босна и Херцеговина во почетокот на ноември. Планот си е за ноември.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, за итноста не се расправа, нема претрес за итноста. Заменикот

министер кажа, вие треба да гласате дали прифаќате или не прифаќате.

Предлогот на Владата, предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 93 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 89 пратеници, воздржано 1, против 3.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска и Горан Мисовски го повлекоа Предлогот на резолуцијата за решавање на спорот за името на Република Македонија поднесен под архивски број 07-3815/1 од 10 септември 2008 година.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик;

3. Предлог на одлука за испраќање на Единица на Армијата на Република Македонија, Медицински тим за учество во Мировната операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеа;

4. Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на лични податоци;

5. Предлог на одлука за распределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за концесии и други видови на јавното приватно прартнерство, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човековото тело заради лекување, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствена инспекција, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за издавање на вредносни бонови - ваучери, со Предлог на закон;

13. Предог на резолуција за решавање на спорот за името на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози а изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Пријавени за збор во однос на предложениот дневен ред за измени и дополнувања на предложениот дневен ред се пратениците Андреј Жерновски и Николов Марјанчо.

Има збор господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници,

"Грешка беше" - вака претседателот на Собранието Трајко Вељаноски, тоа е господинот позади мене, им го објасни на дипломатите донесувањето на законите по итна постапка. На денешното едночасовно реферирање во Францускaта амбасада, на кое присуствуваа речиси сите амбасадори од земјите членки на Европската унија и претставникот Фуере, спикерот вети дека таквиот начин на работа нема да се повтори во Собранието на Република Македонија. Да видиме што изјавил претседателот на Собранието на Република Македонија господинот позади мене.

**Трајко Вељаноски:** Ја имате темата утнато, господине Андреј Жерновски. Зборувајте за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**Андреј Жерновски:** Ве цитирав прво за да дојдам до поентата.

Може да ве цитирам: "Укажав и ја прифатив забелешката која и претходно..."

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, ќе ве исклучам ако не се држите до темата. Продолжете.

**Андреј Жерновски:** Добро.

Значи мојот предлог е, од името на пратеничката група на ЛДП да се изостави точката од дневниот ред, Изборниот законик, поради следните причини и следниот ваш цитат:

"Укажав и ја прифатив забелешката која што и претходно јавно ја кажав пред амбасадорите дека грешка беше носењето на закони по итна постапка, но го образложив и укажувањето дека нема да се повтори таков тип на носење на закони" - Трајко Вељаноски тогашен и за жал, сеуште актуелен претседател на Собранието на Република Македонија.

Почитуван претседателе и почитувани пратеници, сите што изгласавте овде "за", тоа што сте се договориле ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ДПА, тоа не значи дека треба да се игнорира јавноста во Република Македонија.

Второ, ако сакате и ако сметате дека треба да се укине Собранието на Република Македонија, тогаш ајде да го укинеме Собранието на Република Македонија и дијалогот да се води во

Клубот на пратеници, бидејќи и така и така ова стана повеќе од Клуб на пратеници.

Второ што ветивте почитуван претседателе, јас ве цитирам, за сите закони од сега натаму ќе има јавна дебата. Јас не видов ниту пратениците од мојата пратеничка група дека имаше јавна дебата за овој закон.

Слушаме објаснување од претставникот на Владата односно од министерот дека ова било да се подобри извештајот. Вчера Оли Рен ви кажа што ќе има во извештајот и ако мислите дека денес ќе го подобрите со ова извештајот, многу се лажете.

Затоа, претседателе, очекувам вие да се јавите после овој мој збор, кој што завршува, а завршува поради тоа што вие ми интервениравте, и да предложите овој предлог да се симне од дневен ред затоа што вие тоа го ветивте. Кој ќе ве гледа пак пред Француската амбасада, кој ќе ве гледа како се извинувате и кој ќе ве гледа како пак ќе кажувате дека грешите и грешите!

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот Андреј Жерновски во однос на предложената точка број 2 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик да се тргне од дневниот ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника. Од нив за предлогот гласаа 6 пратеници, воздржани нема, против 66 пратеници.

За жал, не е прифатен вашиот предлог господине Андреј Жерновски. Изгледа грешка беше што вие поднесовте ваков предлог.

Пратеникот господин Марјанчо Николов има збор по предложениот дневен ред, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Имам предлог точката три односно точката пет вие што ја читавте во Предлогот на дневниот ред, односно Предлог на одлука за распределба на средства меѓу буџетските корисиници на централната власт и меѓу фондовите да се симен од дневен ред и Владата да предложи ребаланс на Буџетот.

Сметаме дека со ваквото обемно зафаќање на средства, над 72 милиони евра, да се изврши прераспределба само со обична одлука без да се почитува процедурата предвидена во Законот за Буџет, каде што мора да се предложи ребаланс на Буџетот, Собранието се доведува во ситуација да го прекрши Законот за буџетите и да постапува спротивно на позитивните законски прописи. Сметаме дека Буџетот е закон и неговите измени и дополнувања односно ребалансот треба да се третира исто така, односно да се врши во форма на закон.

Затоа предлагаме оваа точка да се симен од дневниот ред и да се предложи од страна на Владата ребаланс на Буџетот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот за точката пет - Предлог на одлука за распределба, прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 93 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 26 пратеници, 2 воздржано, против 65 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Предложениот дневен ред го сатавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 95 пратеници. Од нив за гласаа 90 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 5 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, ве известуваме дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието претеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Согласно член 86 став 3 од Деловникот на Собранието ограничување на времето на дискусија не се однесува на постапката за измена на Уставот на Република Македонија.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија**

Владата на Република Македонија во смисла на член 130 од Уставот на Република Македонија поднесе предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на Владата на Република Македонија и Извештајот на Комисијата за уставни прашања ви се доставени односно поделени.

Образложение кон предлогот за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија ќе поднесе министерот за правда.

Има збор министерот за правда господинот Михајло Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани дами и господа пратеници,

Врз основа на член 130 од Уставот на Република Македонија Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9 октомври 2008 година одлучи на Собранието да му поднесе предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија. Тој образложен предлог е пред вас и тој предлог беше на расправа во Уставната комисија.

Во Уставот на Република Македонија во членот 80 се утврдува дека претседателот на Република Македонија се избира на општи и непосредни избори со тајно гласање со мандат од 5 години и во оваа одредба на Уставот на Република Македонија се одредени и услови или другите услови кои треба да ги исполнува еден кандидат за претседател на Република Македонија. Мислам дека одредбата што е предмет на нашата опсервација содржана во Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија е членот 81 од Уставот на Република Македонија.

Во членот 81 од Уставот на Република Македонија е определено дека за претседател на Република Македонија е избран кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. До колку не се избере претседател на Република Македонија во првиот круг, односно ако во првиот круг ниту еден кандидат за претседател не го добил потребното мнозинство на гласови, тогаш во вториот круг се гласа за двајца кандидати кои во првиот круг добиле најголем број на гласови. Во вториот круг за претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале до колку гласале повеќе од половината запишани избирачи. Според пропишаниот услов во вториот круг на избори потребно е да гласаат 50% плус 1 од запишаните избирачи и од нив мнозинството да гласаат за еден од кандидатите, што секако може да предизвика постојано повторување на изборниот процес и неуспешни избори за претседател на Република Македонија.

На овие уставни решенија за начинот на избор на претседател на Република Македонија свои забелешки дадоа и претставници на меѓународните организации кои правеа експертиза на Законот за избор на претседател на Република Македонија, односно на измените на Изборниот законик кој содржи истоветни одредби како што содржи Уставот на Република Македонија и препорачаа да се направи промена на уставната одредба која директно е преземена и во Изборниот законик, како што веќе напоменав. Исто така, и ОБСЕ, ОДИХР во конечниот извештај за спроведените претседателски избори во 2004 година препорача измена на уставните решенија за избор на претседател на Република Македонија, а посебно на условите предвидени во вториот изборен круг. Во препораките во делот правна рамка во првата препорака стои цитирам : “со Устав пропишаниот услов повеќе од 50% од регистрираните гласачи да го дадат својот глас во вториот изборен круг, треба да се отстрани, за да се избегне можноста од неуспешни избори”. Во изминатиот период се спроведоа три изборни циклуси за избор на претседател на Република Македонија. Во сите изборни циклуси изборниот процес траеше релативно долго и се доведуваше во прашање изборот на претседател на Република Македонија заради цензусот за избран кандидат утврден со Уставот на Република Македонија, а посебно условот утврден во вториот круг на изборите. Во сите три изборни циклуси во првиот круг не е избран претседател, а во вториот круг биле забележани неправилности кои го доведувале во прашање легитимитетот на кандидатот кој добил најголем број на гласови. За вториот круг тие се повторуваат веќе три пати. Постои реален ризик од неуспешни претседателски избори со оглед на уставниот цензус во вториот круг и за избегнување на овие кризи во тој процес поради што се оцени дека е потребно да се пристапи кон измена на Уставот на Република Македонија и намалување на цензусот во вториот извборен круг цензусот од 50% да изнесува 40% за што е постигната и политичка согласност со најголемите политички партии застапени во Собранието на Република Македонија од власта и од опозицијата.

Насоките за идните реформи и конкретните активности во однос на изборната регулатива се базираат и врз повеќе анализи на домашни и странски експерти, врз компаративните искуства во земјите со етаблирани демократски системи и меѓународните стандарди содржани во релевантните документи. Од тие согледувања, а заради поуспешно остварување на изборните реформи во оваа област потребна е промена на уставните основи за избор на претседател на Република Македонија. Со предложената измена на Уставот на Република Македонија ќе се обезбеди поедноставување на постапката за избор на претседател на Република Македонија, односно се обезбедува уставна основа за избор на претседател во вториот круг, на кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале до колку на гласање излегле повеќе од 40% од запишаните избирачи. Со ваквото решение се имплементира покрај другото и препораката на ОБСЕ и ОДИХР за промена на уставното решение за избор на претседател на Република Македонија во вториот круг. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Отворам претрес по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, да се пријават за збор.

За збор се пријавени господинот Јован Манасијевски, господинот Бучковски Владо, господинот Минчев Горан, госпоѓата Авировиќ Владанка, господинот Петковски Тито, господинот Блерим Беџети, госпоѓата Танчева Тулиева Надица, госпоѓата Шекеринска Радмила, господинот Ивановски Игор, господинот Димовски Илија, госпоѓата Иванова Цветанка, господинот Алију Имер, господинот Оровчанец Ѓорѓи и господинот Андов Стојан.

Има збор господинот Манасиевски Јован, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници, господине министре,

Денеска пристапуваме кон измена на највисокиот правен акт на оваа држава, меѓутоа за жал како и многу други работи тоа го правиме на еден крајно несериозен начин.

Имено, треба граѓаните на Република Македонија да видат дека се предлага промена на Уставот, со образложение кое што е помало од текстовите посветени на временската прогноза во денершните весници.

Ако ги исклучиме прераскажувањата на Уставот, имаме вкупно десет реда со кои што предлагачот Владата на Република Македонија ни предлага ваква сериозна промена на Уставот. Мислам дека е срамота, дека е навреда за секој пратеник во овој Парламент и дека е навреда за целокупната македонска јавност. Десет реда образложение за промена на темелниот правен акт. И мислам дека пратениците, ваквиот начин на работа, треба апсолутно да го отфрлат. Не може Устав да се менува со пет реда образложение. Тоа е недопустливо и нема да најдете ниту една држава во светот господине министре, каде што тоа се прави на вакв несериозен начин.

На оваа промена на Уставот, како и на секоја друга, треба да и претходи се разбира соодветна анализа, соодветни студии што ќе бидат дадени во прилог на измените на Уставот. Вие, без ниту една студија, без ниту една анализа тука ни нудите промена на Уставот во една многу значајна одредба.

Јас разбирам дека мнозинството си го чини своето, ме чуди што и дел од опозицијата прифати да се расправа на ваков начин, што смета дека десет реда образложение се сосема доволни за да се пристапи кон промена на Уставот, меѓутоа што е тука е.

Дека ова не мора да биде вака, и дека не е вака, и не беше вака, сакам да ве потсетам дека кога пред две година во Владата во која што јас бев потпретседател, се пристапи кон промена на Уставот на тоа пред пратениците следеа обемни студии, следеше многу широка јавна расправа од која што произлегоа промените во судскиот систем преку уставни измени. Така се работеше господине Маневски, не треба да барате искуство од други земји туку тоа нашата македонска Влада го работеше пред три години на таков начин.

Мислам, дека непотребно и вие и Владата се изложувате на ваква критика кога, убеден сум дека ако ништо друго можете да направите или да нарачате ако вие немате капацитет во вашето Министерство, соодветна студија, соодветна анализа која што ќе ги поткрепи клучните барања на уставните измени што вие ги предлагате.

Значи да повторам, недозволиво е недостоинствено понижувачки и за пратениците и за целокупната македонска јавност да се менува Уставот на основа на десет реда образложение.

Образложението е потребно затоа што не се работи за техничка измена, туку се работи за измена која ќе има далекусежни последици во организацијата на вкупниот политички систем. И отаму дополнително загрижува пристапот на Владата, што очигледно ова прашање го третира како техничко. Доказ дека е тоа така беа и таканаречените усогласувања во Клубот на пратеници, каде што од она што можеше да се разбере преку извештаите и преку изјавите на самите учесници, сме присуствувале на едно недостоинствено пазарење со процентите. Имало предлози да се оди без ограничување, па со 30, па со 33, па на крај некако сте се нашле на 40%. Постапка, комплетно недостоинствена на промена на највисокиот правен акт на една држава. Значи, типично пазарска постапка. Имаме 50%, па некој предложил Владата во прва верзија без ограничување, па некој предложил 30% и сте се нашле на крај на 40%. Комплетно паушална оценка, всушност како и целиот предлог, паушален.

Имате ли еден аргумент зошто сте се определиле за 40% одзив, а не за 35, 30, 20, 45 или не знам кој друг процент. Немате господине министре, затоа што целиот процес е најобично, најстрамно пазарење, а не процедура за промена на Уставот.

Рековме никаква анализа нема какви последици ќе предизвика оваа промена врз политичкиот систем. Има тука пратеници, особено од редот на опозицијата кои што се пратеници во сите изминати состави кои што биле и членови на Уставната комисија во времето кога се носеше Уставот и сите тие добро знаат, не знам дали имаат доблес тука да признаат од говорницата, дека во делот на поделбата на извршната валст, нашиот Устав беше дизајниран према сликата и приликата на тогашниот претседател господинот Глигоров. И дека токму поради тоа што системот беше дизајниран према личноста, ние имаме еден дисторзиран систем, што според моето мислење и според мислењето на мојата партија, Либерално демократска партија, е лош систем и чија што нефункционалност и лоши поселдици се потврдија во изминативе седумнаесетина години,

во речиси сите сетинзи на различни претседатели и влади и сите модуси на кохабитација што ги имавме.

Значи, ние, со ваквото површно, паушално, битпазарско третирање на уставната позиција на претседателот, всушност воопшто не помагаме во расчистувањето на маглите на нашиот политички систем. Напротив ги мултиплицираме. Па така, наместо расправата да се сконцентриа кај клучното пратшање дали на Република Македонија и е потребна, е функционална поделба, ваква поделба на извршната власт или не е. И, што досегашното искуство од 18-ет години низ една, две, три студии господине министре, покажува. Вие тие студии ги немате, вас тоа совршено не ве интересира, туку предлагате една промена на Уставот која што, како што сега ја предлагате со 40%, можела да биде како што реков и со 20 и со 30, дури и без никакво ограничување.

Оваа прилика сакам да ја искористам токму за тематизирање на тоа клучно прашање кога се однесува на овој дел на Уставот.

Имено, според моето миселње, ваква поделба на извршната власт не е потреба, дури таа е опструктивна, Македонија е заостанато општество, Македонија е општество што треба да се модернизира, нашиот систем е дизајниран на тој начин што контрола и надзор над работата на извршната власт врши Собранието од една страна и се разбира судската власт од друга страна и инсистирањето на ваква поделба на извршната власт, каква што беше направена на времето за да се удоволи на амбициите на тогашниот претседател Глигоров, е нефункционална.

И отаму, според моето мислење треба Парламентот похрабро да влезе во промена на Уставот каде што претседателот би се бирал во Парламентот со двотретинско мнозинство од актуелниот состав на пратениците. Тоа е модел што апсолутно одговара на повеќе параметри што ја одликуваат Република Македонија, и колку побрзо се прилагодиме на тој систем и на тој модел , толку ќе биде подобро за сите нас.

Друго многу битно прашање што, за жал, Владата како предлагач не го отвора, а што мораше да биде отворено, тоа според мене е прашањето што го регулира членот 80 од Уставот став 3. Ќе го прочитам за да биде јасно што мислам. Ставот 3 вели, цитирам: “Претседателот на Републиката мора да биде државјанин на Република Македонија”. Значи и во овој случај кај претседателот, исто како и кај пратениците и кај членовите на Владата, за жал, се дозволува вршител на најзначајната функција да биде лице со двојно државјанство. Значи исто така фалинка и маана на Уставот од неговото усвојување.

Според моето мислење тука одредбата мора да биде порестриктивна, прецизна и јасна. Значи претседател на Република Македонија може да биде лице што нема двојно државјанство, што има само едно државјанство. Зошто ова е битно? И при расправата за Изборниот законик што ќе ја имаме утре, и исто така при расправата за законот за Владата, овие одредби мора да бидат вметнати. Имено, вршители на најбитни функции, мора да бидат лица кои што имаат само едно државјанство.

Прво, една клучна политичка, клучна причина е тоа што тој што има двојно државјанство, во крајна линија има и двојна лојалност и треба сите да се запрашаме, тој претседател, тој пратеник, тој министер на кого ќе биде лојален во клучни ситуации. На државата што го избрала или на таа држава чие што државјанство и пасош исто така носи.

Значи ова е клучна фалинка што го внесува системски начелото на неодговорност во нашиот политички систем. И отаму тука мора да се промени, да се нападне сега со уставните измени и исто така во Изборниот законик да се воведе како барање за избор на пратеници и со измени на Законот за Владата при избор на министри на Валдата.

Реков едната димензија е политичка, димензијата на лојалност. Втората димензија е кривична. Ние во минатава Влада и сега во оваа Влада во актуелнава, имавме минситри кои што имаа двојно државјанство. Ве прашувам господине министре за правда, до колку во текот на извршувањето на својата функција направат некое кривично дело, после тоа Република Македонија едноставно нема да може да ги изведе пред своите судови. Затоа што државата каде што имаат второ државјанство може, сосема оправдано, сосема легално, сосема логично да не ги екстрадира за одреден тип на прекршоци. И тоа ќе ни се случува. Ние сега дури имаме пример, доколку, како што се подготвува оваа Влада да состави неколку кривични пријави против поранешниот премиер Љубчо Георгиевски, едноставно Владата на Бугарија нема да го екстрадира, затоа што има и нејзино државјанство. Значи, ние имаме многу значаен проблем, кој што кај претседателот на државата е најклучен затоа што се работи за клучна функција.

Значи, почитувани колеги пратеници, да ја искористиме оваа можност да ја направиме оваа промена на Уставот. Не може Република Македонија да дозволи да избере претседател кој има двојно државјанство. Вие добро знаете дека има политички системи и држави кои што се дури и порестриктивни. Бараат дури кандидатот за претседател и избраниот претседател да биде роден во таа држава.

Значи, ова е голема фалинка на нашиот Устав и до колку господине Маневски студиозно аналитички пристапевте кон анализата за промена вие ќе го забележевте и ова, и ќе реагиравте на ова.

Меѓутоа не е доцна, разговараме за прва фаза, за насоки за промена на Уставот. Оттука најљубезно ве молам, оваа идеја ја земете предвид, ја разработите, ја предложите во

наредната фаза и исто така очекувам, ако имате доблест, верувам дека имате, и во Законот за избор на Влада истите одредби да ги внесете. Да не ги бркаме потоа министрите да не ни ги екстрадираат странски држави за сторени кривични дела во Република Македонија. Значи, на ова прашање мора да се одговори и мислам дека овие измени на Уставот, веќе кога ги правиме, се вистинското време да се направи ова.

И на крај, дозволете ми нешто, збор два за лицемерието. Претходната Влада кога ги предлагаше измените на Уставот во делот на судскиот систем, истата измена ја предложи што вие сега ја предлагате. Тогаш имавме тука револуција од пратениците на ВМРО ДПМНЕ дека е тоа неприфатливо и низа други аргументи, селективни, неселективни, аргументирани и неаргументирани против таа одредба. Што во меѓувреме се промени господине Маневски да вашата матична партија сега ги предлага овие измени. Ако се работи за созревање вашата политичка партија ВМРО ДПМНЕ многу драго ми е да го слушнам тој факт, да го забележам тој факт, а и доблесно ќе биде вие исто така да признаете дека сте созреале и дека се повлекувате од ставовите што ги кажавте 2005 година, од која што беше најгласна беше токму госпоѓата Бонева како тогашен координатор на опозиционата ВМРО ДПМНЕ. Меѓутоа што е тука е. И на вака склепана, паушално направена измена на Уставот, подршка според мое мислење би требало да се даде, во делот на насоката, затоа што иако на непринципиелен начин, на опортунистички начин, сепак се одговара на дел од забелешките што ги имаме и на дел од проблемите што ги имаме. Меѓутоа, ќе биде голема илузија, ако пратениците сите тука кои што ќе гласаат за оваа промена, помислат дека со решавање, со намалување на цензусот ние сме го решиле проблемот на полнењето на гласачките кутии. Овој процент од 40, овој цензус, повторно ќе го стимулира, за жал полнењето на гласачките кутии. Тој не го решава тој проблем и ние не можеме проблемите кои што се од друга природа да ги решаваме со промена на одредби кои што воопшто не ја допираат суштината на тој проблем кој што ние реално го имаме и кој што ни се повторува од избори на избори, незивисно дали се парламентрарни, локални или претстедателски. Оттаму уште еднаш, изразувајќи ја својата крајна разочараност од ваквиот уставен процес, се работи за клучен акт и не можеме на ваков начин со пазарање околу процентите да влегуваме во измена на Уставот. За мене лично е најприфатлива одредба со која што воопшто не се поставува никаков цензус за избор на претседател, затоа што системот кој што го имаме е систем кој што е заснован на доброволна партиципација на граѓаните во изборниот процес. Друго е ако вие се определите, како што впрочем и некои други земји членки на Европската унија Грција, Португалија, да правото на учество во изборниот процес не биде само право, туку и облигација. Тогаш ако сакаме да го зголемиме легитимитетот, како што велиме на системот, тогаш дајте да воведеме одредби како во грчкиот, португалскиот закон да секој граѓанин кој што има избирачко право мора да гласа, или треба да предложи дебело образложние зошто не бил во состојба да гласа. Ако не гласа се применуваат строги санкции, парични и така натаму, затворски и кој не во состојба да плати. Значи, мора да се определиме за кој модел одиме. Ако сме се определиле за еден слободен партиципативен модел кој што избирачкото право ќе го третира како право, не како облигација, тогаш никаква логика нема останувањето или импутирањето на било каков цензус. И ваквото постоење на цензусот 40, исто како на цензусот 35, 33 и 30 % би било крајно арбитарно и едноставно би било разултат на еден вулгарен политички пазар, бидејќи вие не нудите никаква анализа која што би ги поткрепила ваквите тврдења. Оттаму би ви предложил, да се потрудите во наредната фаза, барем една скромна студија да приложите заедно со предлогот за промена на Уставот, да дадете дебело образложение зошто сте се определиле за цензус 40 % и да ни дадете компаративни согледувања зашто 40% е подобро од некој друг процент како би можеле да водиме сите заедно една аргументирана и квалификувана расправа. Вака целата оваа расправа е всушност беспредметна затоа што вие немате ниту еден аргумент на кој што го засновате постоењето на ваков изборен цензус.

Да завршам со тоа што би ја повикал Владата, а жал ми што иако пред неколку месеци разбравме од изворите на владините членици дека Владата имала идеја поамбициозно да настапи во промена на Уставот во овој дел, дека Владата се откажала, имено говорам за оние гласини што беа дека Владата сериозно размислува изборот за претседател да биде извршен во Парламентот, тоа ќе беше веќе еден предлог за темелна промена, кој што верувам дека ќе го аргуметиравте и кој што има издржаност има смисла. Се разбира некој може да биде за, некој може да биде против тој предлог, меѓутоа веќе самиот предлог е целисходен. Сега со ваквиот предлог, ние за жал многу големи ефекти нема да постигнеме, освен што можеби ќе забележиме еден поен дека препораката или забелешката број тој и тој од ОБСЕ и ОДИХР е исполнета, меѓутоа овој Парламент и оваа држава не постои да исполнува препораки на меѓународни организации. Постои и ние го креираме нашиот политички систем да одговара на нашите автентични македонски потреби. Така што, иако роковите се куси очекувам да , макар во втората фаза да биде покажна поголема сериозност во пристапот на промените на Уставот. Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски**: Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

СДСМ ги подржува уставните измени, затоа што е доследен докрај. Вакви уставни решениа нудеше и по претседателските избори пред 5 години кога ги прифати препораките на ОБСЕ и ОДИХР, кои се наши партнери во реформа на изборното законодавство. Но за жал, тогаш немаше разбирање пред се кај денес владеачката ВМРО ДПМНЕ.

Поздравувајќи ги промените на мислењата кои ги навести прво претседателот на Парламентот , пред неколку недели, па кулминира со овие последни промени кај министерот за правда кој ги прифати забелешките на опозицијата за Изборниот законик, сметам дека е разумен и компромисот кој што беше направен врз основа на предлогот кој што го даде СДСМ. Од друга страна, забелешка до Владата, бидејќи согласно членот 130 уставни измени предлага Владата, не достоинствено е кон Парламентот, Владата да ја претставува министерот за правда. Досега практика било секогаш претседателот Владата да биде тука. И последните измени за кои говореше господинот Јован Манасијевски го покажуваат тоа. И оние измени кои ги правевме во 2001 заради кризата и заради амандманите го покажаа во сиот свој сјај Љубчо Георгиевски, кој иако не му беше драго овде пред Парламентот ги бранеше уставните измени. Значи нема од што да бега претседателот на Владата Груевски, неговот место беше тука бидејќи измените на Уставот се сериозен напор кој го прави нашето општество, да го прилагоди и нашиот Изборен Законик на нашата реалност.

Значи, да нема заблуди, СДСМ за разлика од ВМРО ДПМНЕ е многу попрагматичен и пореалистичен. Пристапи кон прифаќање на препораките на ОБСЕ и ОДИХР, не за да го спушти цензусот заради тоа што Албанците ги полнеле кутиите, туку за да дојдеме во една ситуација каде што реално ќе имаме легитимен избор на претседател. Партијата, како во случајот ВМРО ДПМНЕ која наместо да го признае поразот, да не се повикува на тоа дека 120 илјади гласови на Албанците ги одлучиле последните претседателски избори што е нон сенс, ги одлучија 360 илјади гласови кои ги даде ВМРО ДПМНЕ за Кедев и тоа еднаш за секогаш треба да го затвориме како прашање и ако сте доблесни оваа расправа треба да заврши со констатацијата дека непотребно и нанесувате штета на Република Македонија што ден денеска му се обраќате на претседателот на државата со господинот Бранко Црвенковски. За тоа не е виновен ДУИ. За тоа ќе ги погледнете компаративно анализите кои ги бараше Манасијевски. Во 1999 за кандидатот на тогашната Влада, покојниот Бог да му душа прости Борис Трајковски, гласаа отприлика 270 илјади Албанци, фиктивни, на последните избори за Бранко Црвенковски 120 илјади. Тогаш ние баравме поинаква правда, не баравме да биде уставно речено делегитимизиран изборот на претседател, затоа што станува збор за екзактни бројки. Досега легитимните избори беа ако гласаат 850 илјади гласачи, со овие измени ќе бидат легитимни изборите со 685 илјади гласачи. Но, и во вакви околности не значи дека нашиот кандидат на опозицијата нема да освои 500 илјади гласови повеќе од актулната власт. Тоа е легитимитетот. Значи, зависи за разлика од вашите сфаќања што значи намалување на цензуцот бидејќи мислам дека не ги сфатите добро препораките. Ја поздравувам еволуцијата која е евидентна во последните неколку недели кај ВМРО ДПМНЕ, но мислам дека е задоцнета. Затоа стигна онаа порака од Оли Рен вчера, да ја слушавте опозицијата навреме, да не ги правете непотребните екскурзии со предвремените избори, да не ги силувате работите Република Македонија на 5-ти ноемрви веројатно ќе добиеше датум за преговори. Но, не не слушавте досега, можеби од сега натаму ќе имате повеќе должно вниманите кон пораките кои ги дава опозицијата.Но, да се вратам на ова клучно прашање.

Предлогот на ОБСЕ и ОДИХР оди во прилог на тоа да од нив добиеме подршка на еден од сегментите кои дефинитивно е најголема слабост на македонското општество. Ние сите сме свесни, посебно од опозицијата дека со ова не го решаваме проблемот. Значи понискиот цензус не значи и успешни избори. Значи теоретски како што говоревме и вакви избори можат да пропаднат заради неисполнување на цензусот ако има неатрактивни кандидати. Или ако една од политичките партии која може да собере цензус на гласови отприлика од 300 до 400 илјади гласови ги бојкотира изборите. Како што да речеме за последните претседателски избори повикуваа некои од првенците од тогашната опозиција. Но ВМРО ДПМНЕ и Никола Груевски не ги послуша. Колку што се сеќавам на такво нешто повикуваа Љубчо Георгиевски, Стојан Андов, не знам дали некого заборавам. Но, бидејќи не се сакаше да се признае дека со гласовите на ВМРО ДПМНЕ го имаме актуелниот претседател, влеговме во една епизода каде што најпрвин ВМРО ДПМНЕ бараше пребројување на гласовите и што една од препораките која стои како демократски принцип го прифати ОБСЕ и ОДИХР. Можеби на некои следни избори ќе треба да размислуваме и за тоа, но кога сте вие на власт заборавате. Остана уште таа препорака, посебно мојот почитуван колега Трајко Вељаноски беше гласен кога се договаравме во едни поинакви услови кога имаше една поинаква власт која сакаше да најде заеднички јазик со опозицијата од тие десет тогашни барања на ВМРО ДПМНЕ, 12 еве сега вели претседателот, штом вели претседателот 12 нека бидат 12.

Значи, останаа две прашања кои треба сега вие да ги завршите. Едно од прашањата не го враќате на дневен ред, а тоа е пребројувањето. Значи, секогаш кога си од позиција на опозиција ќе се сомневаш дека власта може да прави ујдурми и секогаш ќе сакаш да имаш дополнителен инструмент за проверка на гласањето. Не гледам сега дека до крај сте

доследни и барате да има пребројување на гласовите,што рикаундтингот затоа што не сакаме, рикаундтингот е термин што го разбравме по последните избори во Америка кога видовме дека требаше да се пребројуваат гласовите за Буш, па да победи на пребројувањето. Тогаш вам ви беше интересно.

Во секој случај може во Америка пак ќе има пребројување,но ако велиме дека се стремиме кон остварување на некои повисоки демократски стандарди, тогаш личи да се размисли, има време.

За ова СДСМ не спори, ја дава подршката. Уште еднаш ако сакате да покажеме дека можеме да бидеме конструктивна опозиција ги поздравува напорите што ги прави Владата да изнајде заеднички јазик со опозицијата. Сега некој ќе се најде незадоволен како ЛДП, како што гледам вчера Изборниот законик ќе бидат помалите етнички заедници, но тоа е демократијата, вие се обидувате да стигнете до 81 глас, иако во овој момент ги имате, но не влегувате во варијатната затоа што меѓу себе имавте сосема спротивни ставови со главниот коалиционен партнер ДУИ, што морам да признам дека тука е доследен. Да ја потсетам дека македонската јавност, во 2005 година кога ги отвори уставните измени, кога ние предложивме намалување на цензусот ВМРО ДПМНЕ беше против. ДУИ рече ако го намалуваме цензусот ние со тоа сметаме, условно речено, ќе нема можност да се респектира волјата на албанските гласачи во Република Македонија. Кога е така тогаш подобро е во парламентот да го бираме претседателот и да се отвори евентуално дилемата или прашањето, доколку ли тогаш Република Македонија да има потпретседател. Значи, тоа се фактите од пред три години. Сега имаме нови реалности. Значи вие имавте различни ставови во Владата, прифативте предлог што доаѓа од опозицијата и уште еднаш велам тоа ние го поздравуваме.

Да не должам многу, сметам дека овие измени на Уставот можат да значат демонстрација на волјата на Република Македонија да ги прифати препораките, но не се решение на проблемот. Значи, проблемот што го има Република Македонија кој до демонстрира наназад при изборот не само на претседател во 1999 година, според мене најлошо организираните избори, стигна близу до тој начин како не треба да изгледаат едни избори, актуелната власт со организирањето на последните парламентрани избори. Значи последните парламентрани избори не зависеа од цензусот, а јас ви тврдам дека се полоши од претседателските избори што сте ги организирале, што значи дека со вакви промени нема да го решиме проблемот ако самите не промениме, пред се ако не се промени свеста на владеачката структура и ако не се сфати дека изборите треба да бидат празник на демократијата, а не прашање на живот или смрт.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател.

Мислам дека не е добро, колку и да се расправа за Изборниот законик или за уставните измени, особено кога се говори за избор на Претседател на државата Албанците да се спомнуваат како дел што ги полни кутиите, што излегува да гласа. Мислам дека ова не е во ред и не држи. Затоа што полнењето на кутиите се случува на цела територија на Република Македонија, било да се работи за парламентарни избори или за локални или за претседателски избори.

Што се однесува до намалувањето на цензусот за избор на претседател на државата, мислам дека и позицијата и опозицијата, има погрешен пристап во оваа насока. Зошто го велам ова? Го велам затоа што цензусот се намалува со единствен мотив да се дефакторизираат Албанците, цензусот се намалува со цел со колку што е можно помалку гласови да се избира претседателот. Нешто што не е во ред.

Пристапот на целиот политички спектар во Република Македонија, било да се Македонци или Албанци, треба да биде граѓаните да се мотивираат колку е можно повеќе да излезат на претседателските избори и да гласаат. Тој претседател да има полн легитимитет, да ги застапува граѓаните на Република Македонија. Тука е дефектот на политиката во Република Македонија.

Не треба да имаме пристап, целта да биде со колку што е можно помалку гласачи, избирачи да излезат на гласање, туку треба да ја изнајдеме формулата за тоа како ќе ги мотивираме гласачите во Република Македонија да излезат колку е можно повеќе на претседателските избори.

За жал, овие работи не ги гледаме од ист аспект, ние Албанците и се разбира македонските политички партии. Како и да е, цензусот ќе се намали. Меѓутоа, јас ви гарантирам дека Албанците повторно ќе бидат фактор што ќе го одлучува идниот Претседател на Република Македонија, затоа што Албанците се граѓани на оваа земја, на оваа држава и повторно нивниот глас ќе биде одлучувачки, независно од мотивите од кои што поаѓаат партиите од македонскиот политички блок, за намалување на цензусот за избор на претседател. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Жалам што погрешно ме сфатил пратеникот кого искрено го почитувам.

Не говорев јас за последните избори. Господине Алити, погледнете ги резултатите од претседателските избори за кои говорев во 1999 година. Тогашниот претседателски кандидат на ВМРО-ДПМНЕ доби повеќе гласови отколку заедно што имаше на листите во 1998 година

кога немаше опозиција ДПА и ПДП заедно. Соберете ги вашите гласови што сте ги добиле на последните избори со ДПА и другите партии и во 2002 година ќе видите дека тогаш имало најголем број на гласови што ги дале Албанците, а знаеме колку се тие избирачки места, за еден кандидат.

Дали некој ги полнел во нивно име или тие соработувале со тогашната власт, тоа е прашање за кое што можеме да разговараме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално се јави господинот Алиу Имер, повелете.

**Имер Алиу:** Во прв ред се спомнаа имиња на пратеници кои не се присутни во салава. Мислам дека не е во ред.

Како второ, изгледа Бучковски многу го боли тоа што на претседателските избори во 1999 година нивниот кандидат изгуби многу, токму од гласовите на Албанците. Меѓутоа, да не заборави, мислам дека и во договорот што го имаше, јасно ги спомна претседателските избори што ги имавме, да не заборавите дека ...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, што е тука процедурално.

Господине Алиу ова не е процедурално. Ова веќе преоѓа во реплика.

(Пратеникот Владо Бучковски реагира од место)

Затоа го опоменав господине Бучковски.

Мислам дека не би требало процедуралното да се користи како реплика и контра реплика, се согласувам.

На ред е господинот Минчев Горан.

(Пратеникот Владо Бучковски бара збор со образложение дека било спомнато неговото име)

Сега е две минути до 18,00 часот, затоа туак ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 12,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,58 часот)